

# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

## СТРАТЕГИЈА НА УКЛО

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА СО COVID-19

## ЗА АКАДЕМСКА 2020/2021

БИТОЛА СЕПТЕМВРИ 2020

# Содржина


СТРАТЕГИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ТЕКОТ НА ПАНДЕМИЈАТА СО COVID-19 ЗА АКАДЕМСКАТА 2020/2021 ..... 1

ВОВЕД ..... 1

- Претходни предизвици ..... 2

ЦЕЛНА СТРАТЕГИЈАТА НА УКЛО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ПРИ СТУДИРАЊЕ НА ДАЛЕЧИНА ..... 3

- Принципи врз кои се темели стратегијата на УКЛО за реализација на наставно-образовниот процес на далечина ..... 3

СТРАТЕГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА И ВЕЖБИТЕ КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ИЗВЕДУВААТ ONLINE ..... 4

- Структура на обуките за наставници и соработници ..... 5
- Структура на обуките за студенти ..... 6
- Структура на обуките за административно-техничкиот кадар ..... 7
- Измени и прилагодувања на академските часови ..... 8
- Модели на реализација на наставата во вонредни услови ..... 10
  - Планирање на наставата на далечина ..... 11
  - Реализација на наставата на далечина ..... 11
  - Реализација на испити при настава на далечина ..... 12
  - Одржување на практичната настава ..... 12
  - Веб-страницата на Универзитетот и единиците при учење на далечина ..... 14
  - Менторирање студенти во вонредни услови ..... 14
  - Одбрана на дипломски работи/испити, магистерски и докторски дисертации во вонредни услови ..... 15

АНАЛИЗА НА УСПЕШНОСТА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ..... 17

ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА СТУДЕНТИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ..... 17

- Државни и локални мерки и водичи за безбедност ..... 17
- Превентивни мерки ..... 18
  - Чистење и дезинфекција ..... 19
  - Чистење на објектите ..... 19
  - Респираторна хигиена ..... 19
  - Физичко дистанцирање ..... 20

# СТРАТЕГИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ТЕКОТ НА ПАНДЕМИЈАТА СО COVID-19 ЗА АКАДЕМСКАТА 2020/2021

## ВОВЕД

Почетокот на наставата во академската 2020/2021 во секој случај ќе биде поразличен од оној што беше претходно бидејќи, заради се уште актуелната епидемија со коронавирусот, наставата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола ќе мора да се реализира по сосема поинаков модел. Со оглед на тоа, Управата на Универзитетот одлучи да се изготви стратегија која ќе ги предвиди различните начини на учење додека трае оваа пандемија, а сé со цел да им се овозможи на наставниот кадар и студентите да ги извршуваат неопходните активности за изведување на наставата, а притоа да се запазат критериумите за зачувување на здравјето на сите, но и задржување на квалитетот на наставата. Во екот на пандемијата со COVID-19, голем број колеџи и универзитети ширум светот преземаат разни активности со цел да се обезбеди здравјето и благосостојбата на нивните студенти и вработени, како и на членовите на нивните заедници. Со таа цел и Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, со оваа стратегија сака да даде пред сé препораки и насоки коишто академските институции ги имплементираат низ целиот свет. Иако разбираме дека реалноста на секоја институција е уникатна, се надеваме дека следниве мерки можат да дадат некои насоки за одржување на наставата во текот на овие времиња, бидејќи сите ние продолжуваме да учиме додека ситуацијата со COVID-19 и понатаму се развива.

Ваквата стратегија се однесува на разработување на три основни правци во кои може да се изведува наставата. Првиот е класичниот начин (ако ситуацијата со пандемијата кон крајот на септември и почетокот на октомври тоа го дозволува). Во вториот случај станува збор за Online учење, или поточно Emergency Remote Learning (термин што произлезе во текот на пандемијата со цел навистина да го разграничи Online учењето на универзитети кои се акредитирани исклучиво за вакво учење, со она што беше наглиот премин од учење со физичко присуство на студентите кон изведување Online настава, без физичко присуство на единиците). Третиот начин, а којшто ќе зависи од одлуките на Комисијата за заразни болести и протоколите за присуство на студентите на факултетите, е т.н. Хибриден модел или Blended learning/мешано учење, со делумно присуство на студентите на факултетите, но и со следење на Online настава. Секако дека посебно внимание ќе се обрати и на практичниот дел од предметите.

Во согласност со трите анкети што Универзитетот ги спроведе во текот на претходниот семестар за начинот на изведување на наставата, колоквиумите и испитите, одговорите кои пристигнаа укажуваат дека пред сé поголемиот дел од наставниците (преку 60%) не само што ги користеле можностите за држење Online настава туку ги користеле и останатите можности за споделување на материјали со студентите, поттикнување на дискусии, доделување задачи. Потоа, во текот на одржувањето на

колоквиумите, интересот на студентите бил поголем за полагање со физичко присуство (60,6%),25,3% ги држеле колоквиумите комбинирано (дел со физичко присуство, а дел Online ), а што се однесува до испитите, професорите се изјаснија дека преку 90% од студентите строго се придржувале кон протоколите за полагање на испити кога тие се одржувале со физичко присуство на студентите на факултетите. Секако, на оние студенти кои од оправдани причини не можеле да присуствуваат на испитите, им било понудено да полагаат Online, можност што, според анкетата, ја искористиле многу помал број студенти. За посебно истакнување е што анкетата покажа дека околу 50% од наставниот кадар сметаат дека во академската 2020/2021 наставата треба да се организира со Хибридниот модел.

Со спроведувањето на мерките за одржување на испитите со физичко присуство, единиците веќе ги имаат поделено своите предавални и амфитеатри за одржување на физичка дистанца помеѓу студентите. Заради тоа управите на секоја единица ќе треба да донесат одлука за категоризација на предметите што ги нудат во смисла на тоа дали ќе се одржуваат исклучително Online, со физичко присуство или комбинирано, во зависност од капацитетот на просториите и големината на групите. Универзитетот пред почетокот на семестарот, ќе организира обуки за вработените и студентите за целосно користење на можностите за Online учење.

## Претходни предизвици

Со откажување на наставата и неможноста на студентите да патуваат или заради останати барања од здравствените власти, академските институции, меѓу кои и оние кои се дел од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, во минатиот семестар се најдоа во една незавидна ситуација каде требаше веднаш да воспостават системи за соодветно изведување на настава исклучиво по електронски пат. Во таа ситуација, нашиот Универзитет многу брзо реагираше, давајќи одредени препораки и насоки за тоа како наставниците и студентите да ги искористат можностите за учење на далечина.

Можеби и во текот на следната академска година ќе има повеќе ситуации кога нема да знаеме како да продолжиме, или поточно ќе мора да ги менуваме политиките заради промени во епидемиолошката ситуација или во целата држава или пак во поедини региони, но во секој случај Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, при донесување на вакви одлуки пред сè ќе се води кон запазување на следните постулати:

- одржување на здравјето и безбедноста на сите
- одржување континуитет во работењето
- исполнување на програмите и услугите
- зачувување на академските стандардии
- овозможување на флексибилност при изнаоѓањето решенија.

# ЦЕЛНА СТРАТЕГИЈАТА НА УКЛО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ПРИ СТУДИРАЊЕ НА ДАЛЕЧИНА

Оваа Стратегија има за цел да го дефинира, организира и олесни наставно-образовниот процес на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола во вонредни услови. Стратегијата треба да обезбеди предуслови за успешна и целосна реализација на студиските програми, реализација на квалитетна настава во вонредни услови, меѓусебно почитување на субјектите во процесот на комуникација во текот на наставно-образовниот процес во вонредни услови. Овој документ има намера да креира, поддржи и реализира процес на перманентно професионално учење и развој на наставниот кадар, соработниците и административно-техничкиот кадар.

Стратегијата има за цел:

- да ги постави основите на поучувањето, учењето и студирањето на далечина во вонредни услови
- да ги поддржи наставниците и соработниците вработени на Универзитетот во реализација на наставата во вонредни услови
- да ги поддржи студентите во учењето и студирањето при реализација на наставата во вонредни услови
- да поддржи развој на образовни содржини и ресурси за учење
- да поддржи и развие инфраструктурата на Универзитетот и единиците за реализација на наставата во вонредни услови.

## Принципи врз кои се темели стратегијата на УКЛО за реализација на наставно-образовниот процес на далечина

Стратегијата се темели на неколку основни принципи преку кои се определува и насочува односот на Универзитетот кон студентите, односот на Универзитетот кон вработените и односот на Универзитетот кон современите предизвици во реализација на процесот на наставно-образовниот процес во вонредни услови.

Еден од основните принципи на стратегијата е ***сеопфатност***. Стратегијата се однесува на сите циклуси на студии, на сите единици на Универзитетот, на сите студиски програми, на сите студенти и на секој вработен на Универзитетот.

Принципот на ***почитување на студентот***, преку запознавање и почитување на неговите индивидуални квалитети и капацитети, индивидуални потреби, можности и мотивација е основа на стратегијата. Со тоа студентот е активен партнер во процесите на поучување, учење и студирање, учествува и носи одлуки за сопственото учење и развој и во реализацијата на студиската програма, а придонесува и за јакнење на статусот, позицијата и улогата на Универзитетот во општеството и неговата меѓународна репутација.

Принципот на ***флексибилност*** се однесува на почитување на спецификите во теориските и практичните аспекти на реализација на предметните програми, односно студиските програми преку оставање простор за определување на начинот на реализација на истите од страна на единиците на универзитетот со почитување на контекстот и ситуациите во кои се одвива поучувањето, учењето и студирањето.

***Почитување на академските слободи и права на наставниците*** е уште еден принцип врз кој се темели оваа Стратегија. Со Стратегијата се остава простор и се почитува делувањето на секој наставник во однос на планирањето, реализацијата и евалуацијата на наставата, поучувањето и учењето и студирањето на студентите.

Стратегијата предвидува и обезбедува услови за перманентно професионално усовршување на наставниците, со што го промовира принципот **на *доживотно учење на наставниците***. Сертификацијата и валидацијата на доживотното учење на наставниците се императив на оваа стратегија.

***Квалитет на поучувањето, учењето и студирањето во вонредни услови*** е принцип кој ги обединува претходно наведените принципи и претставува производ кон кој се стреми оваа Стратегија.

***Е- образование*** е основен принцип врз кој се потпира стратегијата за поучување, учење и студирање на УКЛО во вонредни услови. Соодветното користење и одржувањето на информатичко-комуникациската технологија и користењето на сите современи техничко-технолошки решенија за унапредување на наставно-образовниот процес, се основен принцип на функционирање на Универзитетот во вонредни услови. Доколку ваквите услови траат подолго, а и доколку се размислува за осовременување на дел од наставата и овозможување на извршување на дел од наставата Online, Универзитетот и единиците ќе треба да размислуваат за обезбедување средства за доопремување на сопствената информатичко-комуникациска технологија.

## СТРАТЕГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА И ВЕЖБИТЕ КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ИЗВЕДУВААТ ONLINE

Минатиот семестар за жал го завршивме со многу мал обем на одржани вежби на факултетите каде е неопходно физичко присуство на студентите, додека предавањата се извршуваа преку препорачаните Online платформи. Тоа налага следниот семестар да го дочекаме поспремни, секако зависно од тоа како ќе налага епидемиолошката ситуација. Од тие причини, покрај тоа што наставата ќе се изведува на еден од предвидените начини, било Online, или со мешана настава, вежбите кои мора да се одржуваат на факултет ќе се извршуваат со физичко присуство на студентите и со строго почитување на протоколите предложени од страна на комисијата за заразни болести.

Безбедното повторно отворање на единиците оваа есен за одржување настава со физичко присуство претставува обврска за сите членови на нашата заедница да си ја извршат совесно својата улога. Членовите на универзитетската заедница мора да водат грижа во текот на извршувањето на нивните дневни активности, придржувајќи се кон протоколите за носење лична заштитна опрема, редовно одржување на личната хигиена и

одржување на физичката дистанца, како и будна посветеност и ангажирање во однос на сопствениот мониторинг за симптоми на COVID-19.

Во суштина, Универзитетот е место за едукација на студентите и сите ние треба да влеземе во зимскиот семестар фокусирани на академската мисија на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. Многу дополнителни програми и активности што традиционално се одвиваат ќе треба да бидат намалени, одложени или дури и откажани во интерес на одржување на здравјето и безбедноста на универзитетската заедница. Потребно е да бидеме подготвени да работиме заедно и да бидеме флексибилни и будни во нашата посветеност да се грижиме за сопственото здравје и здравјето на оние околу нас.

Со цел полесно спроведување на идните активности, Универзитетот ќе организира обуки за унапредување на знаењата и способностите на наставниците, студентите и административниот персонал за реализација на наставно-образовниот процес на единиците на Универзитетот.

Обуките ги организира и реализира Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола.

За обуките Универзитетот ќе ангажира наставници - експерти од научните полиња:

-*образование* (со следниве научни области: педагогија, учење на возрасни-перманентно образование, дидактика, високообразовна дидактика, педагошка комуникација);

-*информатика* (со следниве области: користење на информатичко-комуникациската технологија во наставно-образовниот процес на далечина (Google Classroom), Комуникација во STREAM, креирање на assigments и оценување, креирање на Quiz Assignments преку Google forms;

- *етика и социологија* (со следниве научни области: обезбедување квалитет на наставата при далечинско учење: етички перспективи, етички димензии на дигиталната средина за учење и етика на интеракцијата во наставата при далечинско учење)

- *медицински науки* (со следниве области: значење на заболувањето COVID-19, мерки за заштита од Covid – 19)

По завршувањето на обуката секој од учесниците добива соодветен сертификат за професионален развој од страна на Универзитетот потпишан од Ректорот на Универзитетот.

Одлука за измени, дополнувања и модификации на модулите, времетраењето на обуката, по утврдена потреба врз база на спроведено истражување на репрезентативен број испитаници за кои се однесува обуката, носи Ректорската управа.

## Структура на обуките за наставници и соработници

Учењето на далечина за наставниците и соработниците се реализира преку: задолжителен дел од обуката и изборен дел од обуката.

***Задолжителниот дел од обуката за наставниците и соработниците*** се организира во 3 модули:

1. Високообразовна дидактика за наставата на далечина

2. Користење на информатичко-комуникациската технологија во високообразовна настава на далечина
3. Етички и социолошки основи на наставата на далечина.

Секој модул се реализира од страна на двајца наставници во траење од најмногу 6 часа по модул или најмногу 18 часа. Обуката за наставници и соработници се реализира Online, или со физичко присуство, доколку условите го дозволуваат тоа. Покрај Online обуката, секој од наставниците и соработниците добива прирачник за поучување, учење и студирање на далечина изработен од страна на наставниците ангажирани на секој од модулите.

Обуката за наставници и соработници на Универзитетот е задолжителна. Доколку во периодот на реализација на обуките наставникот или соработникот не е во можност да присуствува, истиот е должен во најкраток можен рок да се пријави во Универзитетот за учество на секој или некој од модулите во обуката.

Секој нововработен наставник и соработник треба да го посети задолжителниот дел од обуката во текот на првата година од своето вработување по било кој основ.

***Изборниот дел од обуката за наставниците и соработниците*** се организира во 2 модули:

1. Специфични медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина и
2. Општи медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина.

*Специфични медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина* се реализираат во услови на специфична закана во однос на здравјето и животот на студентите, наставниците и соработниците, нивните семејства и општеството во целина.

*Општите медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина* се однесуваат на подготовка на наставниците и соработниците за различни потенцијални здравствени предизвици кои се можна закана во актуелната и идната реализација на наставно-образовниот процес.

Секој од изборните модули се реализира во вид и обем како секој задолжителен модул.

При воведувањето на оваа Стратегија секој наставник е должен да ја следи обуката. Секој нововработен како наставно-научен кадар е должен да ја следи обуката.

## Структура на обуките за студенти

Учењето на далечина за студентите се реализира преку: задолжителен дел од обуката и изборен дел од обуката.

***Задолжителниот дел од обуката за студентите*** се организира во 3 модули:

1. Високообразовна дидактика за настава на далечина
2. Користење на информатичко-комуникациската технологија во високообразовната настава на далечина
3. Етички и социолошки основи на наставата на далечина.

Секој модул се реализира од страна на двајца наставници во траење од вкупно 6 часа по модул или вкупно 18 часа. Обуката за студенти се реализира Online, или со физичко присуство, доколку условите го дозволуваат тоа. Покрај Online обуката, секој од студентите добива прирачник за поучување, учење и студирање на далечина изработен од страна на наставниците ангажирани на секој од модулите.

Обуката за студенти е задолжителна. Доколку во периодот на реализација на обуките студентот не е во можност да присуствува, истиот е должен во најкраток можен рок да се пријави на факултетот на кој студира за учествово модулите од обуката.

Со воведувањето на оваа стратегија сите студенти се должни да ја следат обуката. Секоја наредна година обуката станува задолжителна само за секој студент запишан во прва година.

***Изборниот дел од обуката за студенти***се организира во 2 модули:

1. Специфични медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина и
2. Општи медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина

*Специфични медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина* се однесуваат на услови на специфична закана во однос на здравјето и животот на студентите, наставниците и соработниците, нивните семејства и општеството во целина.

*Општите медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина* се однесуваат на подготовка на студентите за различни потенцијални здравствени предизвици кои се можна закана во актуелната и идната реализација на наставно-образовниот процес.

Секој од изборните модули се реализира во вид и обем како секој задолжителен модул.

При воведувањето на оваа Стратегија секој студент е должен да ја следи обуката.

## Структура на обуките за административно-техничкиот кадар

Обуката за административно-техничкиот кадар содржи задолжителен дел и изборен дел.

***Задолжителниот дел од обуката за административно-техничкиот кадар*** се однесува на користење на информатичко-комуникациската технологија во комуникацијата со студентите при настава на далечина.

***Изборниот дел од обуката за административно-техничкиот кадар*** се организира во 2 модули:

1. Специфични медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина и
2. Општи медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина.

*Специфични медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина* се реализираат во услови на специфична закана во однос на здравјето и животот на студентите, наставниците и соработниците, нивните семејства и општеството во целина.

*Општите медицински претпоставки за реализација на наставата на далечина* се однесуваат на подготовка на административно-техничкиот кадар за различни потенцијални здравствени предизвици кои се можна закана во актуелната и идната реализација на високообразовна настава.

Секој од изборните модули се реализира во вид и обем како модулите кај наставниците, соработниците и студентите.

Одлука дали ќе се посетува некој од изборните модули и кој изборен модул ќе се посетува од страна на студентите носи Ректорската управа.

Обуката за административно-техничкиот кадар на Универзитетот е задолжителна. Доколку во периодот на реализација на обуките член на административно-техничкиот кадар не е во можност да присуствува, истиот е должен во најкраток можен рок да се пријави на факултетот на кој работи за учеството во модулите од обуката.

Со воведувањето на оваа стратегија секој вработен во административно-техничката служба е должен да ја следи обуката. Секој нововработен како административно - техничкиот кадар е должен да ја следи обуката.

## Измени и прилагодувања на академските часови

Во согласност со одлуката на Универзитетот за одржување на наставата во академската 2020/2021 година, како и препораките од Комисијата за изготвување стратегија за учење во услови на пандемија со COVID-19, предвидени се различни сценарија за одржување и планирање на настава за претстојната учебна година. Планот се заснова првенствено на комбиниран модел на настава. Сепак, ова може да се постигне преку употреба и комбинирање на неколку модалитети во рамките на нашите училници и лаборатории:

• одржување настава во единиците (целосно во живо) во предавални каде што е овозможено запазување на мерките за физичка дистанца;

• воведување настава преку Simulcast (помеѓу две или повеќе училници или локации за учење со еден наставник) или преку користење на GoogleMeet или друга технологија за стриминг и за одржување предавања во живо;

• промена на изгледот на наставниот план (користење на претходно снимени предавања; делење на студентите во две или три групи кои доаѓаат еден ден неделно, додека остатокот од содржината се доставува асинхроно);

• интернет упатства, како одраз на најдобрите практики во дизајнирањето на курсеви преку интернет, вклучително синхрони и/или интерактивни искуства.

Таму каде условите дозволуваат да се одржуваат предавања и вежби и без физичко присуство на студентите, како и таму каде е неопходно физичко присуство на студентите заради нормална реализација на наставниот процес, одлуката за спроведување на овие активности, во смисла дали ќе се одржуваат исклучително Online, или пак на хибриден начин или со физичко присуство без исклучок, ја носи единицата, во зависност од потребите и можностите. Ако единицата донесе одлука за одржување на било кој облик на настава со физичко присуство, тогаш истата е должна стриктно да се придржува до

протоколите за одржување на собири во затворени простории, каде се дефинирани начините на одржување на истите и бројот на присутните во зависност од големината на просторијата.

За оние предмети за кои предавањата и вежбите ќе се одржуваат Online, Универзитетот препорачува да се користи платформата Google Classroom. На таа платформа, за сите предмети од тековниот семестар предметните наставници имаат обврска да отворат посебен Classroom, т.е. посебна училница за секој предмет кој наставникот го предава (доколку се планирани повеќе групи со различни динамики, за секоја група одделен Classroom) и да се направи enrollment (запишување, т.е. внесување) на студентите кои го запишале предметот. Преку ова автоматски се дедуцира и Meet канал (за аудио-визуелна интеракција), G Drive (за поставување и складирање на материјали) и огласна табла за offline/Online комуникација за секој предмет.

Апликацијата има интеграција со Google Calendar што ги олеснува планирањето и закажувањето на сите активности.

Во делот на Classwork, модулите за Assignments, Quiz assignments со користење на Google Forms даваат можност за одржување на писмени испит, со опции и за автоматско оценување.

Во согласност со Статутот на Универзитетот (член 228) Студиските програми или делови од студиските програми можат да се организираат и преку системот на далечинско учење. Заради тоа, а во смисла на став 2 од истиот член: *Предлогот на планот за реализација на студиските програми или делови на студиските програми по далечински пат го поднесува единицата којашто е носител на студиската програма, а го потврдува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа*. Во таа смисла, до почетокот на наставата секоја единица е должна да одреди кои предмети ќе се одржуваат Online, а во согласност со Статутот должна е да изготви Предлог-план за реализација на студиските програми на далечина и да го достави до Универзитетот на усвојување, пред почетокот на академската година.

За полесна организација на наставниот процес, се препорачува единиците да закажуваат изведување на дел од додипломските наставни предмети исклучиво Online, со што ќе се ослободат дел од предавалните и така ќе се помогне во исполнување на физичкото дистанцирање во зградите на Универзитетот, намалување на густината во нашите академски згради и обезбедување доволни опции за да факултетите и/или студентите имаат доволно простор за одржување на настава со физичко присуство.

Секоја клиничка или практична работа надвор од рамките на единицата може да продолжи доколку се воспостават упатства за физичка дистанца, како и препораки за придржување кон било какви упатства кои ги имаат специфичните компании каде се испраќаат студентите.

Отсуствата од наставата заради заболување од COVID-19, карантин или самоизолација ќе бидат оправдани, а на студентот нема да му бидат скратени поените од активности.

Сите материјали за наставниот предмет кои немаат заштитени авторски права, факултетот треба да ги стави на располагање на студентите преку платформата

Google Classroom. Ова може да вклучува книги, скрипти, снимени сесии за Google Meet, снимени видеа со резиме на клучни информации/концепти, PowerPoint презентации или прибелешки од предавања и наставни материјали како надополнување на горенаведеното.

## Модели на реализација на наставата во вонредни услови

Наставата на Универзитетот и единиците во вонредни услови може да се реализира според следниве модели:

- Настава со физичко присуство
- Настава за учење на далечина
- Комбиниран модел на настава

***Наставата со физичко присуство*** подразбира реализација на наставата во рамките на факултетот, со физичко присуство на студентите. За реализација на овој модел на настава потребно е наставниците и студентите задолжително да носат заштитна маска, да ги следат протоколите што произлегуваат од стручните тела и комисии и да внимаваат на физичката дистанца. Наставата со физичко присуство треба да биде основен модел на реализација на настава во вонредни услови и да се практикува секогаш и задолжително само доколку се обезбедени услови за зачувување на здравјето на учесниците во процесот. За овој модел на настава единиците и универзитетот обезбедуваат повисок степен на хигиена, услови за навремена и целосна дезинфекција на лицата и просториите и сл.

***Настава за учење на далечина*** примарно се реализира Online. Тоа подразбира реализирање на часови со Online присуство на студентите, при што, во договор помеѓу наставникот и студентите, на ист линк или платформа се истовремено вклучени наставникот и студентите со вклучена камера и микрофон, односно само камера или само микрофон. Пожелно е Online наставата да е интерактивна, што значи постоење педагошка комуникација помеѓу наставникот и студентите во вид на конверзација од типот прашања и одговори, партиципација на студентите во поставување и решавање проблеми, истражување во текот на часот, критичка опсервација и елаборација и сл.

Поучувањето, учењето и студирањето може да се одвива и преку размена на материјали во електронска форма од типот на Word документи, PDF фајлови, видео материјали, аудио материјали, програми за учење, слики, цртежи и сл., како дополнителни начини на реализација на учењето на далечина.

Дописното поучување и учење е уште еден начин на кој може да се реализира поучувањето и учењето и истиот се реализира врз основа на користење и размена на материјали, книги, учебници, прирачници и сл. Притоа, потребно е единиците да направат соодветни адаптации за користење на ресурсите од страна на студентите во вонредни услови.

Секој од наставниците изработува план за реализација на наставата при учење на далечина. Истиот план се објавува на веб-страницата на факултетот, а е во согласност со распоредот на факултетот за реализација на Online настава.

Секоја од единиците на Универзитетот изработува распоред на часовите за реализација на Online настава.

***Комбинираниот модел на настава*** подразбира реализација на поучувањето со симултано и сукцесивно користење на наставата со физичко присуство и наставата со учење на далечина. Комбинираниот модел на настава дава можност за искористување на јаките страни на првиот, односно вториот модел на реализација на наставата, ги зема предвид и ги почитува контекстот на поучување, рефлексијата и искуството на наставниците, но и потребите од патување и транспорт на студентите, потребата и можностите за сместување, поседувањето интернет конекција, поседувањето соодветен апарат за следење на наставата на далечина, здравјето на наставниците и студентите и сл. Комбинираниот модел на настава е комплексен и претпоставува дефинирање категории студенти, дефинирање услови, комбинација на распореди за настава на далечина и настава со физичко присуство, дефинирање специфични обврски на наставниците и студентите и сл.

Одлука за моделот на реализација на наставата во вонредни услови и за деталите во реализација на моделите носи Наставно-научниот/Наставничкиот совет на единицата. Таквата одлука со соодветно образложение, се испраќа до Универзитетот.

## Планирање на наставата на далечина

Основа за планирањето на наставата на далечина е Прилогот бр. 3, во кој е опишана предметната програма акредитирана од страна на Одборот за акредитација, во делот *Распределба на расположливото време*, односно *Форми на наставни активности*.

Користејќи го наведениот формулар со почитување на академската слобода на наставникот, наставникот предвидува начини за реализација на наставата на далечина, имајќи ги предвид оптовареноста на студентите, специфичните услови за учење и поучување на далечина, барањата и спецификите на студиската програма и компетенциите кои истата треба да ги развие кај студентите.

Планот за начинот/начините на реализација на секоја предметна програма која ја реализира наставникот, пред почеток на секој семестар, наставникот ја доставува до Комисијата за евалуација на факултетот, односно истата во вид на збирен извештај, се доставува до универзитетската комисија за самоевалуација.

## Реализација на наставата на далечина

Наставата на далечина се реализира врз основа на Планот за начинот/начините на реализација на секоја предметна програма.

Секоја единица на Универзитетот изработува Распоред на часови за реализација на наставата и вежбите и истиот јавно го објавува. Наставниците го почитуваат распоредот на часови којшто може да претрпи промена доколку за тоа постои согласност и/или договор помеѓу наставникот и студентите. Секоја промена во распоредот треба да биде јавно објавена.

Реализацијата на наставата на далечина по одреден предмет или предмети што ги предава еден наставник може да биде одложена и закажана за друг термин/термини,

доколку наставникот, односно асистентот има решение за изолација, самоизолација или боледување, односно не е во состојба да ја реализира наставата поради болест.

Во случај на подолготрајно отсуство на наставникот (во времетраење од еден месец) поради наведените причини, а се со цел успешно реализирање на наставата на далечина, Деканатската управа носи одлука за назначување наставник од сродна област кој би ја реализирал наставата.

## Реализација на испити при настава на далечина

Врз основа на ***Начинот на оценување*** **и** ***Методот на следење на квалитетот на наставата*** предвидени во Прилогот бр. 3 за секоја предметна програма, наставникот определува начин на оценување на студентите и ***метод на следење на квалитетот на наставата*** при реализација на настава на далечина за секој предмет посебно, водејќи сметка за оптовареноста на студентите, специфичните услови за учење и поучување на далечина, барањата и спецификите на студиската програма и компетенциите што истата треба да ги развие кај студентите.

Начинот на оценување на студентите при реализација на настава на далечина и методот на следење на квалитетот на наставата за секоја предметна програма која ја реализира наставникот, пред почеток на секој семестар, наставникот ги доставува до Комисијата за евалуација на факултетот, односно истите во вид на збирен извештај, се доставуваат до универзитетската комисија за самоевалуација.

Планирањето и реализацијата на оценувањето на студентите при реализација на наставата на далечина треба да се остваруваат на објективен начин, со доследна примена на алатките и платформите што се на располагање на наставниците и студентите.

Оценувањето на студентите се одвива тековно (формативно) и финално (сумативно).

Тековното оценување на постигањата на студентите се реализира со цел навремена, точна, соодветна и корисна повратна информација за студентите за подобрување на процесот на учење и студирање, насочување на учењето и студирањето за постигнување повисок успех и развој на соодветните компетенции по дадениот предмет. Тековното оценување може да биде и преку полагање колоквиуми и освојување на предвидениот број бодови, доколку тоа е предвидено со предметната програма.

Финалното или сумативно оценување на постигањата на студентите го одразува степенот на развиеност на компетенциите на студентите во однос на студиската програма. Финалното оценување е изразено со број на освоени бодови, односно со оценка, во согласност со Правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус на Универзитетот.

## Одржување на практичната настава

Практичната настава заради спецификите на студиските програми со своја одлука ја регулираат Деканатските управи на единиците. Притоа одлуките поврзани со

практичната настава треба да бидат донесени врз основа на препораките на Комисијата за заразни болести, Протоколите за работа и одлуките и препораките на Министерството за образование и наука. При планирањето и реализацијата на студиските програми во вонредни услови треба да се води сметка за состојбите и условите во партнерските организации, местото на живеење на студентите, оддалеченоста на студентите од местото на реализација на практичната настава, оптовареноста на студентите, здравствената состојба на студентите и наставниците, и сл.

За планот за реализација на практичната настава за секоја студиска програма, секоја единица го известува Универзитетот. Практичната настава што не може да се спроведува Online, ќе се одржува со намален број студенти во групите и со скратени часови за вежби. Големината на групите ќе биде организирана во зависност од големината на просторијата каде се одржуваат вежбите. Се предвидува за еден присутен во лабораторијата каде е зголемено движењето на присутните, да се обезбеди по едно работно место за секој на соодветна оддалеченост од најмалку 2 метри. Во секое време во лабораторијата мора да се одржува физичка дистанца од најмалку 2 метри. Дополнително, прекривката за лице (ако согласно условите во лабораторијата не е предвидено носење на специфична друга заштита за лице) мора да се носи во текот на целото време на престој во истата, освен ако тој што работи не е сам во истата или работи на приватни одвоени места. Соодветно на тоа на секоја просторија мора да има означено, на видливо место, кои се мерките што треба да ги почитуваат оние кои се присутни во просторијата, и со оглед на тоа што обично работата во лабораторија не е на едно фиксно место, да се наведе и максималниот број лица кои можат да бидат присутни во исто време (како на примерот даден на сликата подолу од Emory Универзитетот во САД.



Ваквите мерки треба да се спроведуваат и за работа во лабораторија на сите три циклуси, но и за редовна работа на лабораториите на Универзитетот. За работа во лабораторија, особено во помалите лаборатории каде има потреба да работат повеќе лица истовремено, неопходно е прво Online да се закаже термин и истиот строго да се почитува. Кога се работи за опрема со тастатура што треба да ја користат повеќе лица во текот на денот, се препорачува истата секој за себе да ја прекрива со тенка проѕирна фолија којашто по завршувањето на работата ќе ја фрла на безбедно место, согласно препораките за отстранување на отпад. За таа цел единицата ќе треба да обезбеди доволно заштитна фолија на влезот на лабораторијата.

Во граници на можностите, неопходно е прераспределба на работните места и локациите на заедничката опрема за да се намали гужвата. Потребно е да се создадат еднонасочни патеки и работни текови. Ако прераспределбата не е можна, тогаш треба да се размисли за поставување бариери (плексиглас, пластика, и сл.) помеѓу компјутерите, работните места или опремата така што персоналот ќе биде позициониран на меѓусебна оддалеченост од најмалку 1,5 до 2 метри.

## Веб-страницата на Универзитетот и единиците при учење на далечина

Универзитетот и единиците треба да ги усогласат, унапредат, синхронизираат и осовременат своите веб-страници. Сето ова ќе биде овозможено преку тековната изработка на новата веб-страница на Универзитетот и единиците. Тоа ќе обезбеди препознатливост на Универзитетот, ќе ја истакне интегрираноста, а ќе ја подобри и видливоста. Веб-страниците треба да бидат транспарентни, отворени за комуникација, ажурирани и апдејтирани. Веб-страниците на единиците и на Универзитетот треба да бидат збогатени со информации за постапки, одлуки, резултати, распореди и сл. Веб-страниците треба да обезбедат простор за материјали за учење за студентите во електронска форма, со чии авторски права располага институцијата.

Единиците и Универзитетот треба да работат на решавање на прашањата поврзани со откуп на авторските права за учебници, учебни помагала, скрипти и сл., со што ќе се олесни процесот на дистрибуција и користење материјали за учење на студентите.

## Менторирањестуденти во вонредни услови

Менторирањето на студентите при изработка на семинарски работи, дипломски работи, магистерски трудови и докторски трудови се реализира соодветно на одлуката за моделот на реализација на наставата во вонредни услови:

- Менторирање со физичко присуство
- Менторирање на далечина
- Комбиниран модел на менторирање

***Менторирањето со физичко присуство*** подразбира реализација на менторството во рамките на факултетот, со физичко присуство на студентот. За реализација на овој модел на менторирање потребно е наставникот и студентот задолжително да носат

заштитна маска и ракавици, да ги следат протоколите што произлегуваат од стручните тела и комисии и да внимаваат на физичката дистанца. Овој модел на менторирање се реализира во услови на висок степен на хигиена, како инавремена и целосна дезинфекција на лицата и просториите од страна на единиците и сл.

***Менторирањето на далечина*** примарно се реализира Online. Тоа подразбира реализирање комуникација помеѓу наставникот и студентот во однос на темата со Online присуство на студентот, при што, во договор помеѓу двајцата, на ист линк или платформа се истовремено вклучени наставникот и студентот со камера и микрофон, односно само камера или само микрофон.

Менторирањето се реализира и преку размена на материјали во електронска форма од типот на Word документи, PDF фајлови, видео материјали, аудио материјали, програми за учење, слики, цртежи и сл.

***Комбинираниот модел на менторирање*** подразбира водење на студентите со комбинација на претходните два модели на менторирање. Ова е флексибилен модел со кој се излегува во пресрет на двата субјекти, истовремено почитувајќи ги здравствените протоколи, контекстите на поучување, но и потребите и интересите на студентот.

Одлука за моделот на реализација на менторството и менторирањето донесува наставникот заедно со студентот и за истата се известува Наставно-научниот/Наставничкиот совет на единицата.

## Одбрана на дипломски работи/испити, магистерски и докторски дисертации во вонредни услови

Одбраната на дипломска работа/испит, магистерска и докторска дисертација во вонредни услови се реализира во согласност со условите, протоколите и предвидените мерки за заштита на здравјето на сите инволвирани во процесот.

Одбрана на дипломска работа/испит, магистерска и докторска дисертација во вонредни услови се реализира преку еден од следниве модели:

- Одбрана со физичко присуство
- Online одбрана
- Комбиниран модел на одбрана

***Одбраната со физичко присуство*** подразбира организирање и реализирање на одбрана на дипломска работа/испит, магистерска и докторска дисертација во вонредни услови со присуство во иста просторија на наставниците (членови на комисијата за одбрана) и кандидатот. Сите присутни во просторијата одржуваат соодветна дистанца и мерки за лична заштита (дезинфекција, носење маска, и сл. во согласност со здравствените протоколи). Честитањето на кандидатот е усно.

***Online одбрана*** подразбира организирање и реализирање одбрана на дипломска работа/испит, магистерска и докторска дисертација во вонредни услови со немање физички контакт помеѓу наставниците (членови на комисијата за одбрана) и кандидатот, односно немање физички контакт помеѓу наставниците (членови на комисијата за одбрана). Овој модел на одбрана може да се применува на следниве начини:

- наставниците (членови на комисијата за одбрана) се наоѓаат во иста или различна просторија во рамките на единицата, а кандидатот се наоѓа во друга просторија, во или надвор од единицата. Вербалната и визуелната комуникација помеѓу учесниците во процесот се одвива преку интернет врска, со користење на информатичко-комуникациска технологија и соодветна платформа за учење и поучување.
- наставниците (членови на комисијата одбрана) се наоѓаат во различни простории надвор од единицата, а кандидатот се наоѓа во друга просторија, во или надвор од единицата. Вербалната и визуелната комуникација помеѓу учесниците во процесот се одвива преку интернет врска, со користење на информатичко-комуникациска технологија и соодветна платформа за учење и поучување.

Текот на одбрана на дипломска работа/испит, магистерска и докторска дисертација во вонредни услови е идентичен со реализација на одбрана во т.н. „нормални“ услови.

Online одбраната на дипломска работа/испит, магистерска и докторска дисертација во вонредни услови се снима (се прави мултимедијален видео/аудио запис).

За одлуката по однос на успешноста на одбраната секој од наставниците (членови на комисијата за одбрана) се изјаснува усно, односно писмено во прозорчето за разговор на избраната платформа.

Одлуката по изјаснувањето на секој наставник, јавно ја соопштува претседателот на комисијата за одбрана. После тој чин се смета дека одлуката е конечна, а со свој потпис истата ја потврдува секој од наставниците во записникот како и одлуката од одбраната која ја изготвува претседателот на комисијата за одбрана, во просториите на единицата.

***Комбинираниот модел на одбрана*** предвидува дел од наставниците (членови на комисијата за одбрана) и кандидатот да се во иста просторија каде се реализира одбраната, додека дел од членовите на комисијата се во друга просторија поради спреченост за физичко присуство на одбраната. Во овој случај, членовите на комисијата за одбрана кои се физички присутни во просторијата заедно со кандидатот, непосредно, директно му се обраќаат на кандидатот во текот на целата одбрана, додека членот на комисијата кој не е во истата просторија тоа го прави Online.

Одбраната која се извршува со комбинираниот модел се снима (се прави мултимедијален видео/аудио запис).

За одлуката по однос на успешноста на одбраната секој од наставниците (членови на комисијата одбрана) се изјаснува со потпис на одлуката за одбраната, додека членовите на комисијата кои не се присутни физички тоа го прават како при Online одбраната.

Одлуката јавно ја соопштува претседателот на комисијата за одбрана. После тој чин се смета дека одлуката е конечна, а истата ја потврдува секој од наставниците кои не биле присутни физички на одбраната со свој потпис во записникот и во одлуката од одбраната што ја изготвува претседателот на комисијата за одбрана, во просториите на единицата.

# АНАЛИЗА НА УСПЕШНОСТА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

За следење и евалуација на квалитетот на реализација на Стратегијата на УКЛО за реализација на наставно-образовниот процес на далечина, Универзитетот организира и спроведува:

- Интерни истражувања со анкетирање на наставниот и соработничкиот кадар
- Интерни истражувања со анкетирање на студентите
- Анализа на педагошка документација за планирање на реализацијата, реализација на наставата во вонредни услови и анализа на постигањата на студентите во однос на студиската програма
- Самоевалуација на единиците, односно Универзитетот

***Индикатори за квалитет*** на реализација на Стратегијата се:

- Задоволството на наставниците
- Задоволството на студентите
- Задоволство на административно-техничкиот кадар
- Постигањата и успехот на студентите во услови на учење и студирање во вонредни услови
- Бројот на наставници кои посетувале обука за поучување на далечина
- Бројот на студенти кои посетувале обука за учење и студирање на далечина
- Бројот на забелешки, приговори и несогласувања од страна на наставниците за реализација на стратегијата
- Бројот на забелешки, приговори и несогласувања од страна на студентите за реализација на стратегијата
- Бројот, видот и квалитетот на материјалите и ресурсите за учење и поучување на далечина со кои располагаат единиците, односно Универзитетот
- Бројот на наставници кои користат Online комуникација со студентите
- Бројот на наставници кои користат Online алатки и платформи за учење и поучување при реализација на наставно-образовниот процес
- Бројот на наставници кои користат Online алатки и платформи за учење и поучување при реализација на следењето на напредувањето и оценувањето на студентите.

# ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА СТУДЕНТИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

## Државни и локални мерки и водичи за безбедност

Универзитетот ги спроведува и почитува сите досегашни мерки и протоколи кои што ги има пропишано државата преку препораките на Комисијата за заштита од заразни болести, а кои и понатаму ќе се препорачуваат, како од страна на државата така и од

страна на локалните самоуправи. За таа цел Универзитетот ќе изготви и План за справување со евентуална појава на жаришта во поедини единици, преку изготвување :

- План за координација на институциите со локалните јавни здравствени центри
- План за сопствен мониторинг на здравствениот статус на секој вработен и студент
- План за ублажување и спречување на ширење на вирусот на Универзитетот и за навремената информација до Министерството за здравство во случај на пренесување
- План за овозможување точни и навремени информации до студентите, единиците, и вработените.

Во текот на академската 2020/2021, ако е потребно, Универзитетот ќе продолжи да работи во согласност со сигурносните мерки за заштита од COVID-19, препишани од Владата на Република Северна Македонија, како и дополнителните кои во иднина ќе бидат пропишани.

**Под сопствен мониторинг се подразбира**

Вработените, наставниот кадар и студентите кои ќе доаѓаат на факултет, мора да вршат следење на симптомите, вклучувајќи проверки на температурата, секој ден пред пристигнување во единицата. Подолу е дадено упатство за проверка на симптомите пред поаѓање на факултет.

За да работат на факултет или да присуствуваат на час, членовите на нашата заедница мора да внимаваат и да немаат било какви симптоми потенцијално поврзани со COVID-19. Тоа значи дека тие немаат еден или повеќе однаведените симптоми:

- Кашлица
- Губиток на здив или отежнато дишење
- Покачена телесна температура повисока или еднаква на $38^0$C
- Треска
- Болка во мускулите
- Главоболка
- Воспалено грло
- Замор
- Дијареја
- Губење вкус или мирис

## Превентивни мерки

Во согласност со мерките препорачани од Владата на Република Северна Македонија, сите единици се должни да ги преземаат превентивните мерки за заштита и спречување на ширењето на коронавирусот.

## Чистење и дезинфекција

Сите средства за дезинфекција што ќе се користат на Универзитетот, треба да бидат во согласност со препораките на Комисијата за заштита од заразни болести, поточно средства што делуваат на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.

## Чистење на објектите

Сите единици мора да водат сметка за одржување и чистење на објектите. Треба во континуитет да се води сметка за постојан дотур на сапун во тоалетите. Пред сите предавални и амфитеатри, како и на влезот во секој објект да бидат поставени средства за дезинфекција, достапни за сите студенти и вработени.

Дополнително се препорачува секој студент и вработен да има при себе и алкохолни влажни марамчиња кои можат да се користат во било кое време. Студентите и вработените треба да се советуваат/поттикнуваат да ги чистат површините кои ги користат во предавалните по завршувањето на наставата, а исто така вработените да ги чистат своите работни површини пред и по употребата, со посебно обраќање внимание на местата што често се допираат (рачки на вратите, тастатура на компјутер, работното биро, прекинувачи за сијалици и сл.).

Останатиот дел од објектите мора секојдневно комплетно да се чистат, а местата што често се допираат два пати на ден.

## Респираторна хигиена

Се препорачува промовирање респираторна хигиена од страна на сите лица на работното место. Потребно е на работното место да има на располагање доволно заштитни маски за лице и хартиени марамчиња за оние вработени на кои им тече носот или кашлаат на работа, како и канти за отпадоци со капаци за хигиенско одлагање на отпадот.

Треба на видно место да се истакне промотивен материјал за носење заштитна маска на лицето, како и упатство за правилна употреба. Ознаките во врска со употребата прекривки за лице ќе бидат објавени на влезовите на сите згради на Универзитетот и во заедничките простори. Треба да се известат вработените доколку некој е болен дека не треба да доаѓа на работа. Ако некој член на кадарот или вработен не се чувствува добро додека е на работа, потребно е да се обезбеди медицинска маска за да може безбедно да се врати дома.




.




Носењето маски за лице или марами за лице се препорачува во секое време, меѓутоа, во согласност со мерките на Владата на Република Северна Македонија, маските за лице или марамите за лице треба да се носат во зградите на Универзитетот, а дополнително и пред зградите, кога не можат да се одржат 2 метри физичка дистанца.

Подолу се изнесени дозволените исклучоци:

• Ако постојат отежнувачки околностите за носење прекривка за лице (да се проценува од случај до случај)

• Ако лицето работи само во канцеларија или на работна единица

Поединци кои заради одредени здравствени причини не можат да носат прекривка за лице, треба да побараат одобрение за работа без заштита и да се обврзат да почитуваат физичка дистанца од најмалку 2 метри од сите, или, да им се одобри, од страна на Управата, работа од дома.

Од студентите и вработените се бара да си носат сопствени марами или маски за лице, кога се присутни во просториите на единицата.

Марамите за лице од текстил треба да се носат само еден ден во исто време ккако и правилно да се перат пред повторно да се користат, а маските за лице соодветно препораките на производителот.

## Физичко дистанцирање

Потребно е да се воведат мерки за одржување растојание во просториите од најмалку 1 метар помеѓу лицата и избегнување директен физички контакт со други лица (на пр. прегрнување, допирање, ракување), строга контрола врз надворешниот пристап на странки и контакти во насока на одржување ред и физичка дистанца (обележување ознаки на подот, прегради и сл.).

Треба да се намали густината на лицата во зградата, односно физичко растојание од најмалку 1 метар помеѓу работните позиции и во заедничкиот простор, како влезови/излези, лифтови, остави/кантини, скали, каде што може да дојде до собирање или редици вработени или посетители/клиенти.

Потребно е да се намали потребата за физички состаноци, односно да се користи опрема за телеконференции.

Да се избегнуваат групирања со воведување флексибилно работно време за вработените за да се намали собирањето во заедничките простори, како што се влезови или излези.

Да се организира или зголеми работата во смени или да се поделат тимовите, или пак, да се организира работа од далечина доколку е возможно, во согласност со работниот процес.

Да се одложат или откажат настаните на работното место што вклучуваат близок и продолжен контакт меѓу учесниците, вклучително и социјални собири.

NOLI CEDERE COGNOSCERE

УНИВЕРЗИТЕТ
„Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
БИТОЛА